**Македонски центар за меѓународна соработка**

# Конкурс за изработка на студија на случај

# УПАТСТВО

Скопје, април 2011 г.

## ВОВЕД И ОПШТИ НАСОКИ

Истражувањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД) е истражувачки проект, кој ги проценува постигнувањата и влијанието на ОРД, групирани во шест димензии на ОРД, како и три димензии на околината. Проценката се прави со употреба на повеќе истражувачки методи, како анкета на население; интервјуа со клучни личности; студии на случај; анализа на литература и др.

Студиите на случај треба да претставуваат длабинска и систематична анализа на конкретни прашања од важност за Охридскиот рамковен договор.

Поточно при изработката на студиите на случај треба да ги следите овие **чекори**:

1. Дефинирање главни проблеми, истражувачки прашања и хипотези;
2. Идентификација на изворите на податоци и спроведување секундарно истражување за областа од која е проблемот: кои се прашањата, кои се главните чинители, актери?
3. Идентификација на клучните извори на информации. Тука спаѓаат претставници од различни сектори на општеството, на пр. владата, граѓанското општество, деловниот сектор, медиумите, експерти од конкретната област сл.;
4. Во зависност од избраната методологија: спроведување **анкета** (на пр. он-лајн), закажување и спроведување **интервјуа со дел од клучните извори** на информации за темата, **анализа на литература** (на пр. постоечки истражувачки извештаи, релевантни политики и закони и сл.); **анализа на медиуми** и сл.
5. Подготовка на извештај во кој ќе се презентираат резултатите.

## СОДРЖИНА

Содржината на приказите треба да биде следна:

- Извршно резиме / апстракт
- Содржина
- Вовед
- Анализа на темата
- Заклучоци
- Препораки
- Профил на авторот (до 150 збора)
- Библиографија/користена литература (харвардски стил)

## ТЕМИ НА СТУДИИТЕ НА СЛУЧАЈ

Студиите на случај треба да бидат во следните димензии на ОРД и на следните теми:

1. Димензија: **Цели и принципи на Охридскиот рамковен договор**
   - Повеќе показатели достапни на барање по електронска пошта;

2. Димензија: **Прекин на непријателства**
   - Демобилизација и амнестија; Ресоцијализација;

3. Димензија: **Развој на децентрализирана власт**
   - Полиција на локално ниво; Финансиска децентрализација; Етнички и партиски влијанија во финансирање на општините; Општински буџети;

4. Димензија: **Недискриминација и правична застапеност**
   - Рамноправност на верските заедници;

5. Димензија: **Заштита од мајоризација**
   - Заштита од мајоризација на општинско ниво (Комисии за односи меѓу заедниците, конкретни случаи)

6. Димензија: **Идентитет, култура, јазик и образование**
   - Употреба на знамиња пред локалните јавни објекти; Употреба на јазикот во општинските органи на заедници кои се помалку од 20%; Унифицирани стандарди за академските програми;

7. Димензија: **Околина**
   - Правна рамка: Сеопфатен збирен преглед на донесени закони и подзаконски акти, споредба на донесени закони со предвидените во Рамковен договор анекс Б.

8. Димензија: **Меѓуетнички односи и хоризонтална поврзаност**
   - Мултикултурата одразена во политичките партии, во нивните програми и во раководствата.

Покрај наведените прашања по димензии може да предложите друго прашање за студија.

За повеќе можности за една од димензиите обратете се на ord@mcms.org.mk.

## ОХРИДСКИ РАМКОВЕН ДОГОВОР – ЛОГИЧКА РАМКА

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа цел** | Мир, хармонија и просперитет во Македонија | | | | | | |
| | | | | | | | |
| **Цели** | **Евро-атлантски интеграции** Интеграција на Македонија во евроатланската заедница | | | **Граѓанско општество** Развој на демократијата и граѓанското општество | Мирни и хармонични односи (2,3) | **Мултикултурно општество** Развој на мулт. општество, со почит на етнич. идентит. и интересите на сите граѓани | |
| | 1 | 2 | 3 | | | 4 | 5 |
| **Принципи** | **Конструктивно разрешување на проблеми** | **Територијален интегритет и унитарност** | **Локална самоуправа** Учество на граѓ. и унап. на идентит. | | | **Мултиетнички карактер одразен во јавниот живот** | **Развојност во согласност со меѓународните стандарди** |
| | | | | | | | |
| **Резултати** | **Прекин на непријателства** | | **Развој на децентрализирана власт** | **Недискриминација и правична застапеност** | **Заштита од мајоризација** | **Идентитет, култура, јазик, образование** | |
| | | | | | | | |
| **Активности** | Прекин на непријателства | | Децентрализација | Недискриминација | Национално ниво | Идентитет | |
| | Демобилизација, разоружување | | Зголемени учество и надлежности | Рамноправност на верски заедници | Локално ниво | Култура | |
| | Враќање на бегалците | | Полиција на локално ниво | Правична застапеност | | Употреба на јазици | |
| | Ревитализација и обнова | | Финансирање на лок. самоуправа | Правична застап. на локално ниво | | Образование | |
| | | | Територијална реорганизација | | | | |
| | | | | | | | |
| **Околина** | **Политичка** | **Економска** | **Културна** | **Правна средина** | **Меѓ. поддршка** | **Посебни настани** | |
| Меѓ. односи | Меѓуетнички односи и хоризонтална поврзаност: Општ квалитет на односите; Историски односи, Ризик од етничко насилство; Предрасуди; Свесност за културата и споделена гордост; Взаемност; Институционални хоризонтални врски; Семејство; Соседство; Образование; Медиуми; Политички партии; Граѓанско општество и лична акција; Приватен сектор. | | | | | | |
| Институции | Комитет за односи меѓу заедниците, ССРД, МЛС, АОПЗ, КОМЗ, Народен правобранител, Комисија за заштита од дискриминација; МК – Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците на РМ; | | | | | | |